**20221461951**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 33 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19 и 92/21), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 16.6.2022 година донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ВИСИНА НА ЕДНОКРАТНИОТ НАДОМЕСТОК И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHz И 3.x GHZ

I

Најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz се утврдува на износ од:

| **700 MHz** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| A2 | 713-723/768-778 MHz | **5.25 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| A3 | 723-733/778-788 MHz | **5.25 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| **3.x GHz** | | | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | |
| B2 | 3.6-3.7 GHz | **2.9 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| B3 | 3.7-3.8 GHz | **2.9 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| B41 | 3.4315-3.460 GHz | **10.8 илјади евра** | Регион 1 | Фиксна |
| B44 | 3.4315-3.460 GHz | **5.4 илјади евра** | Регион 4 | Фиксна |
| B45 | 3.4315-3.460 GHz | **5.4 илјади евра** | Регион 5 | Фиксна |
| B46 | 3.4315-3.460 GHz | **6.3 илјади евра** | Регион 6 | Фиксна |

II

Надоместокот од дел I на оваа одлука се плаќа еднократно на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

III

Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, по нејзиното влегување во сила.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0805-1145/6
16 јуни 2022 година
Скопје

Агенцијата
за електронски комуникации,
Директор,
**Jeton Akiku,** с.р.